# За латинскиот јазик

Латинскиот јазик го добил името по племето Латини, кои ја населувале областа наречена Латиј, што се наоѓа во средишниот дел на Апенинскиот Полуостров (денешна Италија). Бидејќи во таа област се наоѓал и градот Рим, на латински Roma, културата што почнала да се развива таму се викала римска, а јазикот латински.

Латинскиот јазик се користел низ Републиката, а подоцна низ целото Римско Царство (низ Европа, Азија и Африка). Најстариот запис на латински јазик е врежан на камен (*види долу десно*), наречен Црн камен или Лапис нигер, кој потекнува од VI век пр. н.е. Го нарекуваат и „Ромулов камен“.

Латинскиот јазик се говорел и по пропаѓање на Римското Царство (по 4 септември, 476 год. н.е.), но подоцна од него се изродиле романските јазици (*види ја шемата десно*) кои денес се сметаат за светски, а во средниот век тие биле „прости јазици“ на обичниот народ.

Денес латинскиот не се говори, освен во Ватикан, но тој живее во јазикот на науката и техниката и неговото изучување многу помага во разбирањето на стручните поими и изрази.






**Лапис нигер**, камен со врежани знаци со архаично латинско писмо

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND